Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 24.12.2023

На 23.12.2023 во 23.45 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Ј.Г.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.12.2023 во 21.15 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.К.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (24.12.2023) во 02.20 часот во Градскиот парк во Скопје, пред угостителски објект, полициски службеници го лишиле од слобода Љ.П.(35) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (24.12.2023) во 01.10 часот на подрачјето на Центар полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Б.(25) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.12.2023 во 12.30 часот во СВР Скопје од Комплексот клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив бил донесен А.В.(48) од Свети Николе со тешки телесни повреди здобиени во сообраќајна несреќа. Од страна на полициски службеници од СВР Скопје е извршен разговор со А.В. и констатирано е дека на крстосницата од ул.„Ацо Шопов" и ул.„1409" како пешак бил удрен од патничко моторно возило „голф", кое го напуштило местото на настанот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.12.2023 во 10:40 часот во Дебар, полициски службеници го лишиле од слобода С.С.(66) од Република Албанија. Тој, е затекнат при кражба во деловен објект лоциран на улицата „100" во Дебар. Против него, по документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.12.2023 во 17.00 часот било пријавено дека на регионалниот пат делница с.Џепиште кон Манастирец се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно моторно возило „ивеко" со струшки регистарски ознаки, управувано од С.Н.(59) од с.Враништа-струшко, патничко моторно возило „ланд ровер" со полуприколка, со скопски регистарски ознаки, управувано од Х.Н.(63) од Скопје и патничко моторно возило „голф" со дебарски регистарски ознаки управувано од А.Л.(24) од с.Џепиште-дебарско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачите Х.Н. и А.Л., констатирани во Општата болница Дебар. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Дебар.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (23.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 143 санкции, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 62 мерки, 10 санкции за возење без возачка дозвола, пет санкции за минување на затворен сигнал-црвено светло, осум мерки за управување под дејство на алкохол...

На 23.12.2023 во 21.00 часот било пријавено дека на локалниот пат Неготино-с.Курија се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „пасат" со неготински регистарски ознаки, управувано од Н.Ѓ.(52) од Неготино, и патничко моторно возило „опел корса" со неготински регистарски ознаки, управувано од Н.П.(44) од Неготино. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот Н.П. и малолетна сопатничка од возилото „опел корса", а со телесни повреди се здобиле уште три сопатници од истото возило како и возачот Н.Ѓ.,. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Неготино.

На 23.12.2023 во 11.00 часот во Полициската станица Драчево Д.М.(19) од Тетово пријавил дека на ул.„Иван Хаџи Николов" бил каснат од куче скитник.

На 23 12.2023 во 17.30 часот во Полициската станица Драчево М.В.(68) од Скопје пријавил дека ул. „Живко Фирфов" бил каснат од куче скитник.

На 23.12.2023 во 13.50 часот, во Полициската станица Гази Баба Ѓ.Т.(80) од Скопје пријавил дека на ул.„Методија Андонов Ченто" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатата вечер (23/24.12.2023)во периодот од 22.00 до 03.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 7 возачи, а откриени биле и 23 останати прекршоци.

На 23.12.2023 во времето од 18:00 до 24:00 часот од страна на полициски службеници од СВР Битола во содејство со инспектори од УЈП и од Државниот инспекторат за транспорт, извршија контрола на 24 такси возила, за кои се констатирани 7 прекршоци по чл.6 од Законот за забрана и спречување на вршење нерегистрирана дејност, од страна на Министерство за транспорт и врски, 5 прекршоци по Законот за регистрирање на готовински плаќања од страна на УЈП и 17 кривични дела по чл.284-а, од КЗ, вршење на јавен превоз без поседување лиценца, од страна на СВР Битола.

На 23.12.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 35 прекршоци од кои 23 надвор од населено место и 12 во населено место. На 23/24.12.2023 во времето од 22.00 до 03.00 на подрачјето на полициските станици за безбедност на патиштата Штип и Кочани спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. Притоа биле санкционирани 7 возачи.

На 24.12.2023 во 08.20 часот во полициската станица Штип Г.К.(50) пријавил дека околу 03.30 часот во казино во Штип, бил физички нападнат од М.А. двајцата од Штип. По комплетирање на случајот против М.А. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.12.2023 во 02.30 часот, во угостителски објект лоциран на булеварот „Железничка" во Охрид, приведен е Б.П.(42) од Тетово. При извршен преглед, полициските службеници од одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид, кај него пронајдоа и одзедоа бела прашкаста материја. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.12.2023 околу 22.30 часот, во близина на градскиот стадион во Струга, лишен од слобода е Е.С.(23) од струшкото село Делогожда. При преглед извршен во патнички автомобил „ауди" со германски национални ознаки, што тој го управувал, полициските службеници пронајдоа и одзедоа марихуана и една дробилка. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.12.2023 во 00.05 часот во Струмица, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода В.Б. (40) од Свети Николе. При преглед на истиот била пронајдена кафена грутчеста материја. По документирање на случајот против лицето ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.12.2023 полициски службеници од СВР Битола на ул „Кичево" во Битола го лишиле од слобода П.П.(22)од Битола. Имено, врз основа на наредба за претрес од Основен суд Битола во врска со чл.396 од КЗ извршен бил претрес во домот на П.П.на ул.„ Кичево" при што беа пронајдени различни пиротехнички средства ,огномети ,петарди и солзавец кои се предмет на кривично дело по чл.396 од КЗ .По документирање на настанот против П.П. ќе следува соодветна пријава.

На 23.12.2023 во 12.15 часот во Тетово полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода М.Х.(44) од Тетово поради тоа што физички го нападнал неговиот 65 годишен татко, а претходно со неговото возило целосно ја оштетил металната влезна врата во дворот пред семејната куќа, како и возилото на неговиот татко, притоа здобивајќи се со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Тетово. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 23.12.2023 во 14.20 часот Р.Е.(48) од с.Форино-гостиварско пријавил дека во нива во близина на штала која ја користел, го пронашол паднат на земја неговиот татко Џ.Е.(83) кој бил со повеќе рани по телото, најверојатно нанесени од животни. Од страна на лекар од Итната медицинска помош констатирана била смрт. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од ОВР Гостивар, а по насоки од Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 23.12.2023 во 18.20 часот во СВР Скопје Х.Р.(19) од с.Горна Матка-скопско пријавил дека на 18.12.2023 околу 18.00 часот во с.Кондово, додека бил заедно со Ј.И. дошле Б.Н. и И.Н. и физички го нападнале Ј.И., а потоа пријавителот насилно го внеле во нивното возило и физички го нападнале, по што успеал да излезе од возилото. Според пријавеното, причина било претходно нерасчистени должничко- доверителски односи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.12.2023 во 21.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Аеродром во киоск, едно лице физички ја нападнало вработената и со закана одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (24.12.2023) во 01.01 часот во СВР Скопје А.Р.(26) од Скопје, пријавила дека на подрачјето на Аеродром пред угостителски објект била физички нападната од С.М. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (24.12.2023) во 01.00 часот во СВР Скопје, И.К.(48) од с.Шишево, скопско пријавил дека во с.Сарај, на бензинска пумпа, физички бил нападнат неговиот малолетен син од едно лице од с.Грчец и неколку други лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.12.2023 во 12.30 часот во СВР Скопје 48-годишна жена пријавила дека во семејниот дом на подрачјето на Кисела Вода, физички била нападната од нејзиниот син Д.И. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.12.2023 во 21.30 часот во СВР Куманово Д.Р.(25) пријавил дека на бул. „Октомвриска Револуција" во Куманово бил каснат од куче скитник.

Денеска (24.12.2023) во 02.30 часот Ќ.С.(28) од с.Доброште-тетовско пријавил дека на ул.„Илинденска" во Тетово тој и неговиот пријател Б.З.(34) од истото село биле физички нападнати од три лица, кои според пријавеното користеле и метални предмети. Се презеемаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по членот 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет